ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

# МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2021-2025)

**Период на следење:**
2021 и 2022

Овој проект е финансиран од Европската Унија

EU за ТЕБЕ

МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

**Наслов:**
МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2022-2025)
Период на следење: 2021 и 2022

**Превод на англиски јазик:**
MONITORING OF IMPLEMENTATION OF STRATEGY FOR PROBATION SERVICE IN REPUBLIC NORTH MACEDONIA (2022-2025)
Follow-up period: 2021 and 2022

**Превод на албански јазик:**
MONITORIMI I ZBATIMIT TË STRATEGJISË PËR ZHVILLIMIN E SHËRBIMIT TË PROBACIONIT NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT (2021 – 2025)
Periudha e monitorimit: viti 2021 dhe 2022

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права

**Претставуван од:**
проф. д-р Неда Здравева

**Авторка:**
Александра Трајановска

**Уредничка:**
Тона Карева Талеска

**Лектор:**
Виолета Танчева-Златева

**Преведувач на англиски јазик:**
Софија Филиповска

**Преведувач на албански јазик:**
Шенаси Јаји

**Година на издавање:**
2023

**Место на издавање:**
Скопје

**Број на страници:**
41

**Графички дизајн:**
Масива Креативна Агенција

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.265.2:354.51.075.5]:005.21(497.7)"2021/2025"(047.31)
343.24/.26(497.7)(047.31)

ТРАЈАНОВСКА, Александра
Мониторинг на спроведувањето на стратегијата за развој на пробациска
служба во Република Северна Македонија [Електронски извор] : (2021-2025)
: период на следење 2021 и 2022 / [авторка Александра Трајановска]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2023. - 41 стр.

Начин на пристапување (URL):
https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/monitor-ing-na-sproveduvanjeto-na-strategijata-za-razvoj-na-probaciska-sluzhba-vo-republika-severna-makedonija-2021-2025/.
- Текст во ПДФ формат, содржи 41 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 28.09.2023

ISBN 978-608-4977-16-2

а) Пробациска служба -- Стратегија за развој, 2021-2025 -- Спроведување
-- Македонија -- Истражувања б) Алтернативни мерки и санкции -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 61725189

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МЗМП и Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА УПОТРЕБЕНИ КРАТЕНКИ** ....... 5

**ВОВЕД** ....... 6

**ЗА ПРОЕКТОТ** ....... 8

**МЕТОДОЛОГИЈА** ....... 10

**НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО** ....... 13

**Легислатива – Законска рамка во полето на извршувањето на алтернативни санкции и мерки** ....... 13

Резултат 1.1. Анализа на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции ....... 13

Резултат 1.2. Измени на законската рамка за да се зголеми бројот на изречени алтернативни санкции и мерки ....... 14

Резултат 1.2.1. Да се прошири применливоста на општокорисната работа во Кривичниот законик ....... 14

Резултат 1.2.2. Поголема употреба на алтернативни санкции во Законот за кривична постапка ....... 15

Резултат 1.2.3. Да се продолжи периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба ....... 15

Резултат 1.3. Измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба ....... 16

Резултат 1.4. Комплетни и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба ....... 16

Резултат 1.5. Анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда ....... 16

**Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии** ....... 18

Резултат 2.1. Во функција се 15 пробациски канцеларии и ги покриваат пробациските работи за подрачјата на сите судови ....... 18

Резултат 2.2. Понатамошно развивање на стандардните работни процедури во пробациската служба ....... 18

Резултат 3.1. Зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација на централно и локално ниво ....... 19

Резултат 3.2. Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии ....... 20

Резултат 3.3. Развиен годишен план за обуки на пробациските службеници кој редовно се ажурира ....................20
Резултат 3.4. Редовни основни обуки ќе се спроведуваат за сите пробациски службеници ....................20
Резултат 3.5. Развивање и изготвување на посебни обуки и за специфични видови на клиенти ....................21
Резултат 3.6. Заеднички обуки за воспоставување и подобрување на соработката на релевантните институции ....................21
Резултат 3.7. Обука за обучувачите ....................22
**Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции** ....................23
Резултат 1.2.4. Да се зголеми бројот на алтернативни санкции и да се намали бројот на обжалените алтернативни санкции ....................23
Резултат 4.3. Зголемен број на пресуди за општокорисна работа ....................23
Пресуди со изречени алтернативни санкции во 2021 година ....................27
Пресуди со изречени алтернативни санкции во 2022 година ....................28
Број на пробациски предмети во 2021 година според видот на изречената пробациска мерка ....................29
Број на пробациски предмети во 2022 година според видот на изречената пробациска мерка ....................29
**Меѓуинституционална соработка во полето на пробација** ....................30
Резултат 5.2. Одржување на редовни тркалезни маси на централно ниво и во сите подрачја со претставници на правосудните органи и партнерите од мрежата на соработници ....................30
Резултат 5.3. Воспоставени се протоколи за соработка и листи на партнери за соработка и се ажурираат редовно ....................30
Резултат 5.4. Понатамошно изготвување на меморандуми за соработка со општините и другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа ....................31
Резултат 5.5. Воспоставување на редовни тркалезни маси на пробациската и затворската служба во сите подрачја, во рамки на казненопоправните установи и дефинирање на стандардни работни процедури за соработка со казненопоправните институции ....................32
**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ....................33
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ....................38
**Анекс 1 – Матрица за мониторинг** ....................39

# ЛИСТА НА УПОТРЕБЕНИ КРАТЕНКИ

**КЗ** – КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

**ЗКП** – ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

**РСМ** – РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УИС** – УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

**ССРСМ** – СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЈОРСМ** – ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ГО** – ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**ЕНЕР** – ЕЛЕКТРОНСКИ НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТАР НА ПРОПИСИ НА РСМ

**СОП** – СТАНДАРНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ

# ВОВЕД

Пробациската служба е посебна организациска единица формирана во рамките на Управата за извршување на санкции при Министерството за правда. Службата спроведува надзор над извршувањето на казните без лишување од слобода, поточно над алтернативните мерки: условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор, како и над извршувањето на условниот отпуст, изречени со одлука на судовите. Пробациската служба врши надзор на осудените лица и им нуди поддршка, а целта е да се одржи безбедноста во заедницата со подобрување на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на лицата над кои се извршуваат пробациски работи, како и да се намали затворската популација. Исто така пробациската служба е надлежна за изработка на извештаи за извршена проценка на ризик на обвинети лица во тек на судска постапка со предлог за видот на кривичната санкција за обвинетиот. Пробациската служба претставува суштински дел од системот на современата кривична правда и има за цел да придонесе кон намалување на пренатрупноста во затворскиот систем, истовремено давајќи соодветни казни за прекршителите, предизвикувајќи ги да го променат нивниот начин на живот.

Во 2021 година беше изработена Стратегијата за развој на пробациска служба во РСМ 2021 – 2025 (во натамошниот текст: Стратегијата), која предвидува широк спектар на резултати што треба да се постигнат од страна на повеќе надлежни институции. Стратегијата претставува еден сеопфатен стратешки документ кој дава патоказ за реформите што треба да се направат во наредниот период.

Целта на оваа анализа е да се испита подетално спроведувањето на Стратегијата и да се воспостави и спроведе независен систем на мониторинг. Самата пробација, всушност, значи воспоставување ефикасен систем на санкции и заштитни механизми што придонесуваат кон намалувањето на криминалитетот, зголемување на заштитата на општеството и на јавната безбедност, како и кон ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица.

Во периодот 2021 – 2022 година спроведувањето на Стратегијата предвидува изготвување и донесување прописи (закони, законски измени и други акти),

спроведување на конкретни активности (на пример, зголемување на човечките и техничките капацитети на пробациската служба и сл.), како и меѓуинституционална соработка во полето на пробација (одржување на тркалезни маси со релевантни институции, квартални средби итн.).

Со Акцискиот план на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија се утврдени активностите во рамките на секоја цел и резултат утврдени со Стратегијата, а дополнително се утврдени и временска рамка и индикатори за нивно исполнување. Во таа насока, целта на оваа анализа е да процени дали, во колкава мера и на кој начин се одвива примената на Стратегијата за периодот за кој е предвидена. Дополнително, анализата ќе оцени дали резултатите и активностите се имплементираат навремено, во согласност со временската рамка, каков е нивниот квалитет и динамиката и меѓуинституционалната соработка во полето на пробацијата. Од друга страна, ќе се анализира и влијанието на реформите врз почитување на човековите права, па во согласност со добиените резултати од мониторингот на Стратегијата, Анализата ќе понуди и заклучоци и препораки за натамошен развој на пробациската служба.

Набљудувањето, како независен систем за мониторинг, ќе придонесе за поголема отчетност на надлежните институции кои се одговорни за спроведување на конкретните активности утврдени во Стратегијата.

# ЗА ПРОЕКТОТ

Овој документ е изработен во рамки на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“, финансиран од Европската Унија. За целите на проектот беше склучен Меморандум за соработка меѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонското здружение на млади правници, Македонското пенолошко друштво, Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанции ИЗБОР и Управата за извршување на санкции.

**Општа цел** на проектот е намалување на рецидивизмот и ранливоста на осудените лица по нивното отпуштање на слобода, преку зајакнување на политиките и сервисите за нивна ресоцијализација, реинтеграција и постпенална грижа во согласност со најдобрите меѓународни и европски стандарди.

**Специфични цели** кон кои се стреми проектот:

- Да се подобрат квалитетот и достапноста на услугите за пенална и постпенална заштита со цел ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи;

- Да се зголемат капацитетот и меѓуинституционалната соработка помеѓу казненопоправните установи, судовите, пробациските службеници, центрите за социјална работа и други даватели на услуги за ресоцијализација, пробација и постпенална заштита;

- Да се подобрат правната рамка и политиките за ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи врз основа на истражување и најдобри практики.

Целите на проектот ќе бидат остварени преку меѓусебно поврзан збир од три компоненти:

- **Обезбедување на услуги** што вклучува активности за воспоставување на национална служба за поддршка за ресоцијализација и рехабилитација на затворениците во партнерство меѓу ГО и УИС, која ќе обезбеди поддршка пред и после ослободувањето (правна, психосоцијална, кариерна и третман на зависност). Преку ова компонента со проектот ќе се пилотира програма за олеснување на вработувањето на поранешните затвореници, во соработка со Агенцијата за вработување и со бизнис-секторот.

- Компонентата **Градење капацитети и вмрежување** предвидува развој на наставна програма и материјали за обука, спроведување на програма за обука за судии, затворски советници, пробациски службеници, социјални работници и даватели на услуги, организирање регионални работилници за дефинирање на условите за интеринституционална соработка и воспоставување и обезбедување поддршка на три локални меѓуинституционални тимови за координирана постпенална поддршка.

- Следењето на развојот на пробациската служба во РСМ 2021 – 2025 е дел од третата компонента **Рамка за истражување и политика,** во која, исто така, ќе се даде поддршка за изготвување на два СОП, организирање конференции и изготвување документи за политики.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на оваа анализа е да се испита подетално примената на Стратегијата и да се воспостави и спроведе независен систем на мониторинг. Дополнително, во таа насока со анализата ќе се процени дали, во колкава мера и на кој начин се одвива спроведувањето на Стратегијата за периодот за кој е предвидена. Ќе оцени дали резултатите и активностите се имплементираат навремено, во согласност со временската рамка, каков е нивниот квалитет и динамика и меѓуинституционалната соработка во полето на пробацијата. Од друга страна, ќе се анализира влијанието на реформите врз почитување на човековите права, па во согласност со добиените резултати од мониторингот на Стратегијата, ќе се извлечат главните заклучоци за тоа што е спроведено, а што е пропуштено, и кои се главните пречки за тоа, а ќе се понудат и препораки за натамошна имплементација на Стратегијата.

Фокусот на следењето се четири теми, и тоа:

- Легислатива – Законска рамка во полето на извршувањето на алтернативни санкции и мерки;
- Институционална рамка – Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии;
- Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции;
- Меѓуинституционална соработка во полето на пробација.

Во рамките на овие четири елементи, според однапред утврдена матрица за следење (анекс 1), предмет на мониторинг ќе бидат:

- Оценка на спроведување на резултатите;
- Оценка на спроведување на активностите;
- Оценка на динамиката на спроведувањето на конкретните активности;

- Оценка на нивото на инклузивност на клучните чинители;
- Оценка на квалитетот и соодветност на спроведените активности;
- Оценка на влијанието врз човековите права на секоја активност.

Мониторингот, како независен систем за следење, ќе придонесе за поголема отчетност на надлежните институции кои се одговорни за спроведување на конкретните активности утврдени во Стратегијата. Исто така, со мониторингот ќе се оценат реализацијата на очекуваните резултати поставени во Стратегијата и реализацијата на активностите предвидени во Акцискиот план во врска со четирите теми што се предмет на мониторинг.

Мониторингот ќе се спроведува преку следните подактивности:

1. Собирање податоци

Податоците ќе бидат собирани на повеќе начини, и тоа преку:

- преглед и анализа на документи, стратегии, закони, подзаконски акти, извештаи од областа на пробација;
- барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до релевантните институции (Управа за извршување санкции, пробациски канцеларии, судови);
- полуструктурирани интервјуа и целни групи со пробациски службеници, судии и лица под пробација, Управата за извршување санкции, како и други релевантни институции.

2. Известување и објавување

Како резултат на мониторингот ќе бидат изготвени и објавени шест извештаи, со преглед на клучните наоди од процесот на следење. Од извештаите ќе бидат изработени инфографикони, со цел полесно прикажување на добиените наоди од мониторингот.

## 3. Промоција на наодите

Извештаите ќе бидат споделени со релевантни институции и ќе бидат јавно достапни на веб-страната на проектните партнери.

## 4. Дискусија за наодите

Наодите од секој извештај ќе бидат презентирани пред клучните засегнати страни на тркалезни маса. Секоја институција ќе биде поканета да даде повратна информација за наодите на извештајот. Настаните ќе обезбедат сите релевантни институции да бидат свесни за степенот на имплементација на стратегијата, како и за проблемите што може да влијаат врз реформите во пробацискиот сектор.

## 5. Реагирање/Застапување

По исклучок, доколку се идентификуваат одредени конкретни наоди кои бараат итни и неодложни акции, ќе се подготват известувања до сите релевантни институции и ќе се преземат активности на застапување за утврдување на проблемите.

Првиот извештај ќе ги анализира резултатите и активностите што се однесуваат на четирите теми, односно што биле предвидени да се спроведат во текот на 2021 и 2022 година. Со Акцискиот план на Стратегијата за развој на пробациската служба во РСМ се утврдени активностите во рамки на секоја цел и резултат утврдени со Стратегијата, како и временска рамка и индикатори кои Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, канцелариите на пробациската служба и други правосудни органи требало да ги спроведат во 2021 – 2022 година.

Врз основа на оваа методологија за мониторинг ќе бидат подготвени и останатите извештаи. Секој извештај може да има дел што се однесува на прашања поврзани со актуелната состојба доколку се утврди потреба од тоа.

# НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО

## Легислатива – Законска рамка во полето на извршувањето на алтернативни санкции и мерки

### Резултат 1.1. Анализа на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции

Имајќи предвид дека алтернативните санкции ретко се користат во пракса, Стратегијата[1] предвидува формирање на работна група за изготвување на детална анализа со која ќе се согледаат потребните измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и поширока примена на алтернативните сакнкции. Дел од веќе утврдените пречки во Стратегијата се тесниот опсег на користење на општокорисната работа (*за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години, судот може, со согласност на сторителот, да му изрече мерка на општокорисна работа на слобода, ако делото е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано не бил осудуван*)[2] и краткиот рок што пробацијата го има за да изврши надзор по условниот отпуст, кој во пракса најчесто се одобрува само 3 месеци пред крајот на издржување на казната.[3]

Целта на законските измените е надминување на недостатоците утврдени од досегашната практика на пробациската служба, со цел да се подобри ефективноста на пробацискиот систем и на заштитните механизми што ќе бидат прифатени од страна на заедницата. Во периодот на следење на Стратегијата се работи на измени и дополнувања на Законот за извршување на санкции, Кривичниот законик и Законот за кривична постапка, а по нивното усвојување ќе се премине на измени и дополнувања на Законот за пробација, кои се планирани да започнат во текот на 2023 година.

Анализата на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции е изработена во рамките на проектот ,,Поддршка на ЕУ за владеење на правото" по одржувањето на четирите тркалезни маси на тема "Анализа на потребите од измена на законската регулатива", за која има направено

[1] Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025).
[2] Кривичен законик – Пречистен текст (заклучно со „Службен весник на РМ" бр. 55 од 2013).
[3] Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025).

извештај. Пробациската служба има дадено предлози до работните групи кои работат на измени и дополнувања на КЗ и ЗКП и дека е потребно да се усвојат промените во системските закони па потоа Законот за пробација да се усогласи со нив.

**Резултат 1.2. Измени на законската рамка за да се зголеми бројот на изречени алтернативни санкции и мерки**

Во делот на развивање на законската рамка во полето на извршување на алтернативните санкции и мерки, во Стратегијата е предвидено, исто така, да се направат измени и дополнувања на Кривичниот закон и на Законот за кривична постапка, врз основа на направени анализи од страна на формирана работна група и предлог-листата од Твининг поектот ,,Зајакнување на пенитенцијарниот систем и развој на пробациската служба” кој се имплементирал во 2018 – 2020 година од страна на УИС, а кој се однесува на листата дадена во продолжение на текстот (Резултат 1.2.1; Резултат 1.2.2; Резултат 1.2.3).

Резултат 1.2.1. Да се прошири применливоста на општокорисната работа во Кривичниот законик

Една од поважните стратешки цели на Стратегијата е проширувањето на применливоста на општокорисната работа за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години, наместо досегашните услови парична казна или казна затвор до три години, и делото да е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано да не бил осудуван – со цел да се зголеми можноста во оваа мерка да се вклучат и повратниците кои автоматски се исклучени од алтернативните санкции. Во периодот на следење (2021 – 2022) се работеше на измени и дополнувања на Кривичниот законик, со кои е предложено отстранување на условите лицето да не било осудувано и делото да е сторено под олеснувачки околности, со цел да се прошири тесниот опсег на применливост на општокорисната работа.
Дополнително, како предлог-измена на Кривичниот законик, од страна на Секторот за пробација е предложен нов член за проценка на ризик на обвинет во судските постапки, што е регулирано со Законот за пробација.

Оттука, би сакале да истакнеме дека овој резултат од Стратегијата делумно е исполнет во периодот на следење 2021 – 2022 година.

### Резултат 1.2.2. Поголема употреба на алтернативни санкции во Законот за кривична постапка

Стратегијата предвидува, исто така, измени и усогласувања на Законот за кривична постапка со Кривичниот законик, со цел двата закона да се усогласат во делот на употребата на алтернативните санкции и мерки. Од страна на Министерството за правда, во 2021 година е формирана работна група која работи на измени и усогласувања на ЗКП кои, меѓу другото, се однесуваат на одредбите од членот 43 – Условно одлагање на кривичното гонење и член 44 – Непреземање на кривично гонење, сè со цел да се прошири применливоста за кривичните дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години.

Од страна на УИС до работната група се предложени и следните законски измени на ЗКП: во член 497 во делот на услови на издавање на казнен налог, меѓу веќе постоечките кривични санкции и мерки да се додадат и алтернативните мерки: условна осуда со заштитен надзор и општокорисна работа. Исто така, предложени се и измени во членот 506 – Изрекување на алтернативните мерки во кои би се додала и алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор. Во Предлог-законот за кривична постапка, објавен на ЕНЕР во 2022 година, во однос на членот 506 – Изрекување на алтернативните мерки, се предвидува јавниот обвинител да може да поднесе до судот обвинителен предлог со предлог за изрекување на алтернативна мерка, по кој ќе се постапува согласно одредбите за казнен налог од овој закон.[4]

### Резултат 1.2.3. Да се продолжи периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба

Условен отпуст е предвремено отпуштање на осуденото лице од издржување на казната затвор, кое исполнило одредени услови во согласност со Кривичниот законик. Праксата покажува дека во најголем број случаи временската рамка од 3 месеци е премногу куса пробациската служба да може да даде ефикасна поддршка и надзор над лицата кои се пуштени на условен отпуст со заштитен надзор. За таа цел, Стратегијата предвидува измени во Кривичниот законик со кои ќе биде обезбеден подолг период на поддршка и надзор на пробациската служба, за да се намали

[4] Предлог-закон за Кривична постапка (работна верзија 03.11.2022 г.).
<https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=76038>

ризикот од повторништво и да се спроведе ефикасна поддршка заради успешна ресоцијализација на осудените лица.

### Резултат 1.3. Измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба

Во согласност со Стратегијата, предвидени се измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба, со цел надминување на недостатоците утврдени од нејзината досегашна практика, заради подобрување на ефективноста на пробацискиот систем и заштитните механизми што ќе бидат прифатени од страна на заедницата. Со оглед на тоа дека во периодот на следење на Стратегијата 2021 – 2022 се работи на измени и дополнувања на Законот за извршување на санкции, сè додека тие не бидат усвоени, нема да се премине на измени и дополнувања на Законот за пробација, кои се планирани за 2023 година.
Оттука, би сакале да истакнеме дека овој резултат од Стратегијата не е исполнет во периодот на следење, односно во 2021 и 2022 година.

### Резултат 1.4. Комплетни и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба

Бидејќи во периодот на мониторингот сè уште не се направени законските измени за поддршка на пробациската служба, уште не се спроведени активностите предвидени со Стратегијата за изготвување на нови и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба.

### Резултат 1.5. Анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда

Пробациската служба, во согласност со Законот за пробација, е надлежна да постапува само со возрасни сторители на кривични дела, па во таа насока Стратегијата предвидува анализа за тоа кога и како оваа служба би можела да биде надлежна и да работи во предмети со малолетничка правда. Во периодот на мониторинг на Стратегијата активностите и резултатите за анализа на потребите за специјализирана пробациска служба за малолетничка правда се ставени во мирување/се одложени поради тоа што е потребно прво да се зајакне положбата на

пробациската служба во казненопоправниот систем, па потоа да се премине кон анализа на потребите за пробациска служба во малолетничката правда. За да биде направена успешна анализа за потребите од измена на законска рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во малолетничката правда, потребно е да бидат вклучени и меѓународните организации кои во нашата земја работат во областа на човековите права, детските права, владеење на правото, казненопоправниот систем и др.

Оттука, би сакале да истакнеме дека овој резултат од Стратегијата не е исполнет во периодот на следење  2021 – 2022 година.

# Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии

## Резултат 2.1. Во функција се 15 пробациски канцеларии и ги покриваат пробациските работи за подрачјата на сите судови

Постојаната законска рамка, заедно со Стратегијата, предвидуваат отворање на преостанатите пробациски канцеларии кои ќе ги покриваат подрачјата на сите судови. Заклучно со 2022 година, воспоставени и функционални се вкупно 11 пробациски канцеларии, односно во периодот на следење на Стратегијата воспоставени се пробациските канцеларии во Кавадарци и Гевгелија, во 2021 година.

Првата побациска канцеларија беше отворена во 2017 година, за подрачјето на Основен кривичен суд Скопје, а во 2018 година воспоставени беа уште 8 канцеларии: во Тетово, Куманово, Велес, Штип, Струмица, Прилеп, Охрид и Битола, односно во основните судови со проширена надлежност во согласност со последните законски измени од Законот за судовите. Растот на бројот на пробациски предмети (во 2021 година бил 451, додека во 2022 година бил 475) е клучен фактор за натамошно отворање на преостатаните пробациски канцеларии, како и за зголемување на буџетот на Управата за извршување на санкции – Сектор за пробација.

## Резултат 2.2. Понатамошно развивање на стандардните работни процедури во пробациската служба

Понатамошното развивање на стандарните работни процедури е значајно за иднината на пробациската служба и за квалитетното и успешно раководење со пробациските предмети од страна на пробациските службеници. Со оглед на тоа дека измените и дополнувањата на Законот за пробација сѐ уште не се започнати, исполнувањето на овој резултат од Стратегијата уште не е имплементиран. Со цел да се пристапи кон развивање на стандардните работни процедури, потребно е прво да стапат на сила измените на Законот за извршување и Законот за пробација.

Резултат 3.1. Зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација на централно и локално ниво

Со цел натамошно развивање на пробациската служба, Стратегијата предвидува зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација. Во согласност со методологијата на вработување, треба да бидат вработени вкупно 90 пробациски службеници во период 2021 – 2025 година.

| ПРОБАЦИСКА КАНЦЕЛАРИЈА | ВИШИ СОРАБОТНИЦИ | ПОМЛАДИ СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|
| Секторот за пробација во УИС | 2 | 1 |
| Скопје | 1 | 8 |
| Куманово | / | 3 |
| Битола | / | 2 |
| Струмица | 1 | / |
| Штип | / | 2 |
| Охрид | / | 1 |
| Велес | / | 1 |
| Прилеп | / | 2 |
| Кавадарци | / | 1 |
| Гевгелија | / | / |
| Тетово | / | 3 |
| **ВКУПНО** | **4** | **24** |

* Во пробациската канцеларија во Гевгелија нема ангажирано вработен и за предметите на тоа подрачје постапува пробациската канцеларија од Струмица.

Оттука, би сакале да истакнеме дека за овој резултат од Стратегијата редовно се исполнува, односно се зголемува бројот на вработени стручни лица во периодот на следење 2021 – 2022 година. Понатамошно зголемување на бројот на вработени стручни лица би растел со конечно усвојување на законските измени на (ЗИС, КЗ, ЗКП и Закон за пробација) и со зголемување на бројот на пробациски предмети.

### Резултат 3.2. Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии

Во однос на резултатот Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии, во април 2022 година била реализирана активност со експерти од Хрватска, со чија помош биле изработени 4 документи: Проценка на потребите за обука и план за спроведување на обуката, Програма за обука за обучувачите, Наставна програма на основната интерна обука и Чекор во иднината – Јакнење на капацитетите кои се дел од стратешките цели на УИС. Тренинг-центарот за обуки на УИС е воспоставен и е ставен на располагање за спроведување на обуки за вработените на пенитенцијарниот систем, меѓу кои е и пробациската служба. Активностите за назначување на вработени лица во центарот на пробациска служба, како и изготвувањето на посебен буџетски план за центарот на обука, во периодот на следење на Стратегијата сè уште не се исполнети.

### Резултат 3.3. Развиен годишен план за обуки на пробациските службеници кој редовно се ажурира

Со цел за зајакнување на капацитетите и вештините на пробациските службеници, Стратегијата предвидува изготвување на годишен план за обуки од страна на УИС. Во периодот на следење 2021 и 2022 година овие активности сè уште не се започнати со имплементација, односно во периодот на следење не е изготвен годишен план за обуки на пробациски службеници. Овој резултат предвидува изготвување на планови за обука на годишно ниво на вработени во пенитенцијарниот систем (вработени во УИС, вклучувајќи ја и пробациската служба, како и вработените во затворите), како и усвојување на акциски план за спроведување на обуките.

### Резултат 3.4. Редовни основни обуки ќе се спроведуваат за сите пробациски службеници

Стратегијата предвидува одржување на основни и посебни обуки за пробациските службеници.

Од вкупно 28 пробациски службеници:

- 18 поминале 30 основни обуки за работа на пробациски службеник;
- 3 имаат делумно поминато основни обуки за работа на пробацискиот службеник;
- 14 службеници поминале обука за комуникациски вештини;
- 5 пробациски службеници воопшто немаат поминато никакви обуки за работа на пробациски службеник (двајца од пробациската канцеларија во Скопје, еден од пробациската канцеларија во Куманово).

Во делот на обуки за комуникациски вештини, вкупно 14 пробациски службеници биле вклучени како дел од ПР работна група за односи со јавноста, кои поминале основна обука за комуникација и започнале со изработка на Стратегијата за комуникација на пробациската служба.

### Резултат 3.5. Развивање и изготвување на посебни обуки и за специфични видови на клиенти

Освен основите обуки, во периодот на следење на Стратегијата биле спроведени и обуки за специфични видови клиенти во зависност од предметите на кои вообичаено работат пробациските службеници. Предвидено е да се спроведат обуки за сторители на семејно насилство, радикализција, работа со зависници на дрога и други зависности како што се алкохол, коцкање, клептоманија итн. Од вкупниот број на пробациски службеници 16 поминале обука за препознавање на знаците за радикализација. Ваков тип обуки се предвидени со Стратегијата затоа што специфичните карактеристики на кривични дела од ваков вид бараат и посебни вештини и знаења на пробациските службеници.

### Резултат 3.6. Заеднички обуки за воспоставување и подобрување на соработката на релевантните институции

Јакнењето на соработката и проширување на знаењето е предвидено преку одржување на заеднички обуки со релевантни институции.

Во таа насока, во период 2021 – 2022 година, преку ИПА проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото ‘Компонента 4: Зајакната заштита на основните права и засилена употреба на алтернативните мерки’“, во ноември и декември 2021 година биле одржани 4 тркалезни маси на кои присуствувале судии, обвинители, затворски работници и пробациски службеници, а темата на дискусија била „Потреба од измени и дополнување на легислативата за пробација“. Со оглед на тоа што ИПА проектот бил ставен во мирување, а во изминатите години беше актуелна и пандемијата на ковид-19, се очекува соработката со релевантните институции да се интензивира во периодот што следува.

### Резултат 3.7. Обука за обучувачите

Стратегијата предвидува и спроведување на обука за обучувачи. Во врска со исполнувањето на овој резултат од страна на УИС, во периодот на следење на Стратегијата, била направена листа со 20 пробациски службеници за обучувачи кои требало да поминат обука за обучувачи. Меѓутоа планираните обуки за обучувачи не се одржале поради мирување на ИПА проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото ‘Компонента 4: Зајакната заштита на основните права и засилена употреба на алтернативните мерки’“.

Во 2022 година, со помош на експерти од Хрватска, УИС изработила Програма за обука на обучувачите и се очекува во следниот период овие активности да продолжат да се имплементираат во согласност со акцискиот план.

# Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции

### Резултат 1.2.4. Да се зголеми бројот на алтернативни санкции и да се намали бројот на обжалените алтернативни санкции

Пробацијата како иднина на затворскиот систем предвидува казната затвор да е последно решение и наместо него да се користат расположливите алтернативни санкции и мерки со цел реинтеграција и ресоцијализација на осудените лица.

Во таа насока, како активности во Стратегијата е предвидено донесување на препораки од Судскиот совет на РСМ со кои ќе се поттикнува и промовира изрекување на повеќе алтернативни казни со цел намалување на пренатрупаноста во затворите, како и одржување на тркалезни маси со кривични судии и обвинители за да се промовира изрекувањето на алтернативните казни, посебно општокорисната работа. Стратегијата, исто така, предвидува и донесување на Упатства од страна на Јавниот обвинител на РСМ за да се избегнат непотребните и непродуктивните жалби, со што ќе се искористат алтернативните мерки и процедури и ќе се промовираат алтернативните казни. Од страна на ССРСМ во периодот на следење на Стратегијата не се издадени препораки со кои би се промовирале алтернативните казни и санкции, а исто така и од страна на ЈОРСМ не се издадени предвидените Упатства. Од податоците и информациите добиени од одржаните состаноци со судии во Кривичен суд Скопје, можеме да кажеме дека во пракса од страна на ЈО се поднесуваат жалби на пресуди со изречени алтернативни мерки кои во дел од предметите од страна на Апелациониот суд се усвојуваат и се преиначуваат во ефективна казна затвор, и покрај доброто образложение на судиите зошто е изречена некоја од алтернативните мерки. Дополнително, пак, од страна на УИС во 2021 година биле организирани тркалезни маси со сите апелациони подрачја за промоција на алтернативните мерки како иднина на затворскиот систем.

### Резултат 4.3. Зголемен број на пресуди за општокорисна работа

Општокорисната работа е пожелна алтернативна санкција на модерната кривична

правда која има за цел да ја намали пренатрупаноста на затворската популација, како и да придонесе кон ресоцијализација и рехабилитација на сторителите преку одработување часови за доброто на заедницата без надоместок.

Стратегијата предвидува зголемен број на пресуди за општокорисна работа, како и нејзина промоција преку тркалезни маси во сите региони, со учество на релевантни чинители (судии, обвинители, Академија за судии и јавни обвинители) и состаноци со претседатели на судови, ССРСМ и ЈОРСМ. Исто така, Стратегијата предвидува склучување на поголем број меморандуми за соработка за вршење на општокорисна работа во подрачја каде што има пробациски канцеларии.

Во периодот на следење на Стратегијата 2021– 2022 година УИС има склучено два нови договори, со Општина Куманово и со Општина Струмица, како и меморандуми за соработка со Институт за развој на заедницата од Тетово, две Јавни здравствени установи во државата, а тоа се ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РСМ и ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ што се должи и на фактот што изминатиот период земјата беше погодена од пандемијата на ковид-19.

Во понатамошниот текст е даден детален приказ на бројот на пресуди со алтернативни мерки (општокорисна работа, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена и куќен затвор) за 2021 и 2022 година, како и број на обжалени пресуди со изречени алтернативни мерки од страна на Основните судови во РСМ.

Од приказот можеме да забележиме дека бројот на изречени пресуди со алтернативни мерки е висок, за 2021 година изнесува 4. 780 изречени пресуди, а за 2022 година 4.373 изречени пресуди со алтернативни мерки. Кога станува збор за изречени пресуди за вршење на општокорисна работа, бројот е релативно низок, односно незначителен во однос на бројот на пресуди со условна осуда. Вкупниот број на изречени пресуди за општокорисна работа за 2021 година изнесува 71, а за 2022 година 30 пресуди.

Бројот на пресуди со условна осуда покажува можност за поголемо изрекување на пресуди условна осуда со заштитен надзор, како сторителите на кривични дела не би

биле начелно ослободени од санкција, туку соодветно на стореното дело би добиле помош, грижа, надзор или заштита од страна на пробациската служба.

Законот предвидува изрекување и судска опомена како алтернативна санкција за кривични дела за  кои е пропишан затвор до една година или парична казна, а се сторени под такви олеснувачки околности кои ги прават особено лесни.[5] Од статистичките податоци можеме да забележиме дека бројката за 2021 година изнесува 176 изречени судски опомени, а во 2022 тој број изнесува 143 пресуди со судска опомена (пробациската служба не е надлежна во случај на изречени судски опомени).

Бројот на изречени пресуди со куќен затвор е речиси непостоечки, односно тој број во 2021 година бил 4 пресуди, а во 2022 година бројката била уште помала, односно има само 2 пресуди со изречена мерка куќен затвор (според статистичките податоците пробациската служба до сега не спровела надзор на изречен куќен затвор). Причината поради која изрекувањето на пресуди со куќен затвор е на многу ниско ниво е фактот што не е воспоставен систем на електронски надзор, како и непостоењето на функционална опрема за електронски надзор.

Од статистичките податоци добиени од Основите судови на РСМ можеме да забележиме дека во пракса сѐ уште во релативно голем број се обжалуваат пресудите со изречени алтернатвни мерки и санкции (во 2021 година биле обжалени 853 пресуди, а во 2022 година биле обжалени 787 пресуди).

Во продолжение, исто така, е даден детален приказ на бројот на пробациски предмети за 2021 и за 2022 година, поделен според видот на изречени пробациски мерки. Бројот на пробациски предмети расте на годишно ниво, односно во 2021 година имало 451, додека во 2022 година имало 475 пробациски предмети. Во однос на видот на изречени пробациски мерки видно е дека се зголемува бројот на пробациски предмети со општокорисна работа, кој во 2021 година изнесувал 103, додека во 2022 година изнесувал 125 предмети. Бројот на пробациски предмети за условна осуда со заштитен надзор исто така бележи пораст. Во 2021 година бројот изнесувал 53 предмети, а во 2022 година изнесувал 99 предмети.

[5] Кривичен законик – Пречистен текст (заклучно со „Службен весник на РМ“ бр. 55 од 2013).

Споредувајќи ги статистичките податоци добиени од страна на основните судови во РСМ за број на изречени пресуди со алтернативни мерки (општокорисна работа, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена и куќен затвор) и статистичките податоци добиени од Секторот за пробација за број на пробациски предмети, се забележува разлика во вкупниот број на предмети. На пример, бројот на пробациски предмети со општокорисна работа за 2021 година изнесува 103 предмети, додека бројот на изречени пресуди за општокорисна работа изнесува 71 предмет. Причините поради кои се јавуваат овие статистички разлики ќе бидат дополнително испитани во следниот период на набљудување на Стратегијата.

## Пресуди со изречени алтернативни санкции во 2021 година

| ОСНОВЕН СУД | ОПШТОКОРИСНА РАБОТА | УСЛОВНА ОСУД | УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР | СУДСКА ОПОМЕНА | КУЌЕН ЗАТВОР | ВКУПНО | ОБЖАЛЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Куманово | 0 | 313 | 2 | 2 | 0 | 317 | 65 |
| Основен суд Кочани | 0 | 103 | 0 | 3 | 0 | 106 | 32 |
| Основен суд Штип | 0 | 20 | 0 | 1 | 0 | 21 | 16 |
| Основен суд Кичево | 0 | 117 | 0 | 113 | 0 | 230 | 33 |
| Основен суд Прилеп | 0 | 304 | 0 | 4 | 0 | 308 | 26 |
| Основен суд Тетово | 0 | 299 | 1 | 0 | 0 | 300 | 28 |
| Основен суд Гостивар | 0 | 414 | 3 | 10 | 1 | 428 | 117 |
| Основен суд Радовиш | 0 | 65 | 0 | 0 | 0 | 65 | 5 |
| Основен суд Велес | 2 | 181 | 0 | 0 | 0 | 183 | 40 |
| Основен суд Свети Николе | 0 | 66 | 0 | 0 | 0 | 66 | 10 |
| Основен суд Кавадарци | 0 | 131 | 0 | 2 | 0 | 133 | 26 |
| Основен суд Битола | 6 | 275 | 1 | 2 | 0 | 284 | 60 |
| Основен суд Дебар | 0 | 27 | 0 | 0 | 0 | 27 | 3 |
| Основен суд Делчево | 0 | 21 | 0 | 0 | 4 | 25 | 3 |
| Основен суд Ресен | 0 | 86 | 0 | 5 | 0 | 91 | 34 |
| Основен суд Берово | 0 | 52 | 0 | 2 | 0 | 54 | 5 |
| Основен суд Кратово | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 24 | 6 |
| Основен суд Крива Паланка | 0 | 101 | 0 | 0 | 0 | 101 | 10 |
| Основен суд Крушево | 0 | 25 | 0 | 1 | 0 | 26 | 3 |
| Основен суд Гевгелија | 0 | 136 | 1 | 3 | 3 | 143 | 18 |
| Основен суд Неготино | 0 | 90 | 0 | 0 | 0 | 90 | 11 |
| Основен суд Струга | 0 | 58 | 0 | 5 | 0 | 63 | 37 |
| Основен суд Струмица | 0 | 330 | 1 | 0 | 0 | 331 | 17 |
| Основен суд Охрид | 0 | 122 | 0 | 1 | 0 | 123 | 35 |
| Основен суд Виница | 0 | 46 | 0 | 0 | 0 | 46 | 11 |
| Кривичен суд Скопје | 63 | 1054 | 60 | 18 | 0 | 1195 | 202 |
| **ВКУПНО** | 71 | 4460 | 69 | 176 | 4 | 4780 | 853 |

## Пресуди со изречени алтернативни санкции во 2022 година

| ОСНОВЕН СУД | ОПШТОКОРИСНА РАБОТА | УСЛОВНА ОСУД | УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР | СУДСКА ОПОМЕНА | КУЌЕН ЗАТВОР | ВКУПНО | ОБЖАЛЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Куманово | 1 | 324 | 0 | 3 | 0 | 328 | 68 |
| Основен суд Кочани | 0 | 184 | 0 | 0 | 0 | 184 | 46 |
| Основен суд Штип | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 15 | 15 |
| Основен суд Кичево | 0 | 128 | 0 | 105 | 0 | 233 | 28 |
| Основен суд Прилеп | 0 | 134 | 0 | 2 | 0 | 136 | 2 |
| Основен суд Тетово | 0 | 305 | 2 | 3 | 0 | 310 | 29 |
| Основен суд Гостивар | 0 | 286 | 0 | 11 | 0 | 297 | 75 |
| Основен суд Радовиш | 0 | 65 | 0 | 0 | 0 | 65 | 75 |
| Основен суд Велес | 1 | 139 | 5 | 3 | 0 | 148 | 34 |
| Основен суд Свети Николе | 0 | 58 | 0 | 0 | 0 | 58 | 9 |
| Основен суд Кавадарци | 0 | 165 | 0 | 0 | 0 | 165 | 16 |
| Основен суд Битола | 2 | 355 | 0 | 2 | 0 | 359 | 63 |
| Основен суд Дебар | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 20 | 2 |
| Основен суд Делчево | 0 | 20 | 0 | 1 | 0 | 21 | 5 |
| Основен суд Ресен | 0 | 89 | 0 | 3 | 0 | 92 | 23 |
| Основен суд Берово | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 16 | 1 |
| Основен суд Кратово | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 |
| Основен суд Крива Паланка | 0 | 91 | 0 | 0 | 0 | 91 | 12 |
| Основен суд Крушево | 0 | 13 | 1 | 0 | 0 | 14 | 0 |
| Основен суд Гевгелија | 0 | 98 | 1 | 2 | 2 | 103 | 7 |
| Основен суд Неготино | 0 | 56 | 0 | 0 | 0 | 56 | 10 |
| Основен суд Струга | 0 | 48 | 1 | 0 | 0 | 49 | 25 |
| Основен суд Струмица | 0 | 293 | 0 | 0 | 0 | 293 | 20 |
| Основен суд Охрид | 0 | 150 | 0 | 0 | 0 | 150 | 29 |
| Основен суд Виница | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 30 | 7 |
| Кривичен суд Скопје | 26 | 995 | 99 | 8 | 0 | 1128 | 254 |
| ВКУПНО | 30 | 4.089 | 109 | 143 | 2 | 4.373 | 787 |

## Број на пробациски предмети во 2021 година според видот на изречената пробациска мерка

| ЛОКАЛНА ПРОБАЦИСКА КАНЦЕЛАРИЈА | ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ВО ТЕК НА СУДСКА ПОСТАПКА | УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР | ОПШТОКОРИСНА РАБОТА | НАДЗОР НАД УСЛОВНО ОТПУШТЕНИ ОСУДЕНИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 52 | 47 | 87 | 68 | 254 |
| Битола | 0 | 0 | 7 | 19 | 26 |
| Тетово | 0 | 3 | 0 | 41 | 44 |
| Штип | 0 | 0 | 0 | 14 | 14 |
| Велес | 0 | 0 | 0 | 16 | 16 |
| Куманово | 0 | 1 | 3 | 13 | 17 |
| Прилеп | 0 | 0 | 6 | 11 | 17 |
| Охрид | 0 | 1 | 0 | 18 | 19 |
| Струмица | 0 | 1 | 0 | 24 | 25 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 11 | 11 |
| **ВКУПНО** | 52 | 53 | 103 | 243 | 451 |

## Број на пробациски предмети во 2022 година според видот на изречената пробациска мерка

| ЛОКАЛНА ПРОБАЦИСКА КАНЦЕЛАРИЈА | ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ВО ТЕК НА СУДСКА ПОСТАПКА | УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР | ОПШТОКОРИСНА РАБОТА | НАДЗОР НАД УСЛОВНО ОТПУШТЕНИ ОСУДЕНИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 58 | 83 | 113 | 52 | 306 |
| Битола | 0 | 0 | 0 | 17 | 17 |
| Тетово | 1 | 7 | 0 | 39 | 47 |
| Штип | 0 | 0 | 1 | 11 | 12 |
| Велес | 0 | 5 | 6 | 6 | 17 |
| Куманово | 0 | 1 | 4 | 13 | 18 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0 | 13 | 13 |
| Охрид | 0 | 1 | 0 | 10 | 11 |
| Струмица | 0 | 2 | 0 | 13 | 15 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 1 | 6 | 7 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 12 | 12 |
| **ВКУПНО** | 59 | 99 | 125 | 192 | 475 |

## Меѓуинституционална соработка во полето на пробација

### Резултат 5.2. Одржување на редовни тркалезни маси на централно ниво и во сите подрачја со претставници на правосудните органи и партнерите од мрежата на соработници

За натамошен развој на пробациската служба од суштинско значење е соработката со правосудните органи, па во таа насока и Стратегијата предвидува одржување на редовни тркалезни маси со сите релевантни чинители од правосудниот систем, како и со партнерите од мрежата на соработници (општините, центрите за социјална работа, агенциите за вработување, невладините организации и сл.).

Во период 2021 и 2022 година преку ИПА проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото ‘Компонента 4: Зајакната заштита на основните права и засилена употреба на алтернативните мерки’“, во ноември и декември 2021 година биле одржани 4 тркалезни маси на кои присуствувале судии, обвинители, затворски работници и пробациски службеници, а темата на дискусија била „Потреба од измени и дополнување на легислативата за пробација“. Иако соработката со партнерите и правосудните органи е на професионално ниво, сепак меѓуинституционалната соработка во следниот период треба да се интензивира, со цел размена на информации и подобрување на соработката на централно и на локално ниво.

### Резултат 5.3. Воспоставени се протоколи за соработка и листи на партнери за соработка и се ажурираат редовно

Вмрежувањето на пробациската служба има суштинско значење за добро водење на пробациските предмети, па во таа насока потребно е редовно ажурирање на протоколите за соработка, како и на листата на партнери.

Во 2021 година, од страна на пробациски службеник и судија од Основен кривичен суд, бил изработен Прирачник за соработка на државните институции, јавните

претпријатија и невладините организации со пробациската служба[6]. Во текот на истата година бил изработен и интерен документ за процеси и протоколи за работа на Секторот за пробација, како и промотивни материјали во рамките на ИПА проектот за промоција на пробациската служба, кои се поставени на видни места во основните судови, јавните обвинителства и во другите релевантни институции. Соработката на УИС со релевантните институции се одвива во согласност со законските надлежности на пробациската служба и релевантните институции. Во однос на листата на меморандуми, Управата за извршување на санкции води евиденција на сите склучени меморандуми за соработка, меѓутоа тие не се јавно достапни на веб-страната на УИС.

### Резултат 5.4. Понатамошно изготвување на меморандуми за соработка со општините и другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа

Со цел понатамошно развивање на работата на пробациската служба, Стратегијата предвидува изготвување и потпишување на нови меморандуми со други партнери (општини, јавни претпријатија) за вршење на општокорисна работа. Во периодот на следење 2021 и 2022 година УИС има склучено два нови меморандуми за соработка, со Општина Куманово и со Општина Струмица и меморандуми на соработка со Институт за развој на заедницата од Тетово, две Јавни здравствени установи во државата, а тоа се ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РСМ и ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ.

Управата ги поддржува локалните пробациски канцеларии во изнаоѓање на нови партнери, особено во полето на извршување на општокорисна работа. Но некогаш и самите пробациски канцеларии ги идентификуваат партнерите, како што се здруженијата кои нудат специјализирани програми за сторители на кривични дела какви што се ХЕРА (програма за сторители на семејно насилство) и ХОПС (програма за зависници на опојни дроги). Иако УИС води евиденција за сите меморандуми за соработка, листата на партнери не е објавена на веб-страната на Управата и не е јавно достапна.

[6] Прирачник за соработка на државните институции, јавни претпријатија иневладени организации со пробациската служба, м-р Оља Ристова, судија и м-р Емилија Балтовска, пробациски службеник, Здружение за истражување, анализи и развој ЗЕЛЕНА ЛУПА, 2021 година

Резултат 5.5. Воспоставување на редовни тркалезни маси на пробациската и затворската служба во сите подрачја, во рамки на казненопоправните установи и дефинирање на стандардни работни процедури за соработка со казненопоправните институции

Стратегијата предвидува воспоставување на редовни квартални средби во сите региони меѓу претставници на КПУ и претставници од Управата, затоа што соработката меѓу пробациската и затворската служба има суштинско значење за добро управување со транзицијата на сторителите од затворските услови назад во заедницата и општеството. Исто така, Стратегијата предвидува изготвување и ажурирање на протоколите за стандарните постапки за соработка меѓу затворите и пробацијата.

Иако во периодот на следење на Стратегијата не се одржани тркалезни маси, сепак соработката на пробациската служба со воспитувачите од КПУ се одвива на професионално ниво. Со оглед на тоа дека нема пробациска служба во затворскиот систем, воспитувачите на барање на пробациските службеници доставуваат податоци со карактеристика на осуденото лице со индивидуална програма. Во однос на дефинирање на стандардни работни процедури, планирано е формирање на работна група за изготвување на СОП за подготовка за отпуст и за постпенална помош на осудени лица во периодот што следува.

# ЗАКЛУЧОЦИ ПРЕПОРАКИ

Современата кривична правда има за цел да ја намали пренатрупаноста на затворската популација, како и да придонесе кон ресоцијализација и рехабилитација на сторителите на кривични дела. Со цел да се оствари овој резултат, потребен е континуиран развој на пробациската служба, која претставува иднината на затворскиот систем.

Наодите од овој мониторинг на Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025) за периодот 2021 и 2022 година покажуваат како се одвива имплементацијата на резултатите и активностите предвидени во Стратегијата, односно дали тие се спроведуваат навремено во согласност со временската рамка, каков е нивниот квалитет и динамика и меѓуинституционалната соработка во полето на пробација. Од друга страна, анализата ги покажува и недостатоците за развој на пробациската служба во РСМ и дава јасни насоки и препораки за нејзино натамошно унапредување.

Иако не постои совршен механизам за решавање на состојбата со пренатрупаноста на затворската популација, која е на загрижувачка ниво, Стратегијата претставува добра појдовна основа со која може да се придонесе кон општо реформирање на казненопоправниот систем како целина и кон намалување на пренатрупаноста на затворите. И покрај тоа што во изминатите години државата беше погодена од пандемијата на ковид-19, имплементацијата на активностите се одвиваше релативно задоволнително, со исклучок на некои предвидени активности. Потребно е сите релевантни чинители (МП, Влада, судии, јавни обвинители, правосудна полиција, пробациски службеници, затворските службеници итн.) да бидат особено посветени, отчетни и одговорни кога станува збор за исполнување на предвидените резултати на Стратегијата, затоа што со натамошно развивање на пробациската служба може да се придонесе кон намалување на пренатрупноста во затворскиот систем, истовремено давајќи соодветни казни на прекршителите, предизвикувајќи ги да го променат нивниот начин на живот. Целите и активностите предвидени во Стратегијата за развој на пробациската служба ќе продолжат со засилено темпо да се реализираат со помош и поддршка на новиот ИПА проект ,,Поддршка на ЕУ за владеење на правото”. (Истиот претходно бил во мирување.)

Врз основа на резултатите добиени од анализата на Стратегијата за развој на пробациската служба (2021 – 2025), изведени се следниве препораки за унапредување и развој на пробациската служба поделени по теми.

### Легислатива – Законска рамка во полето на извршувањето на алтернативни санкции и мерки

- Донесување на измените и дополнувањата на Законот за извршување на санкции, Кривичниот законик и Законот за кривична постапка.
- Законски измени на КЗ во член 59-а, со што ќе се опфатат сите лица со алтернативната мерка куќен затвор, наместо само болни, стари и бремени жени.
- Започнување на процесот на законски измени и дополнувања на Законот за пробација.
- Изработка на анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда.
- Вклучување на меѓународните организации во РСМ кои работат во областа на човековите права, детските права, владеење на правото, казнено-поправниот систем и др. за изработка на анализа за пробациска служба и алтернативни санкции во предметите со малолетничка правда.

### Институционална рамка – Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии

- Отворање на преостанатите пробациски канцеларии кои не се воспоставени (Гостивар, Кочани, Кичево и Струга).
- Донесување на законските измени (ЗИС, КЗ, ЗКП и Закон за пробација) со цел да се пристапи кон развивање на стандардните работни процедури.

- Зголемување на буџетот на пробациската служба за нови вработувања.

- Изготвување на посебен буџетски план за тренинг-центарот за обука.

- Редовно изготвување на планови за обука на годишно ниво на вработени во пенитенцијарниот систем (вработени во УИС, вклучувајќи ја и пробациската служба, како и вработените во затворите).

- Да продолжат во континуитет редовните обуки за пробациски службеници (контрола на емоциите, мотивациски разговор, просоцијално моделирање, техники на интервјуирање, комуникациски техники итн.).

- Зголемување на бројот на одржани посебните обуки (сторители на семејно насилство, радикализција, работа со зависници на дрога и други зависности како алкохол, коцкање, клептоманија итн.).

- Интензивирање на соработката со релевантите институции (судии, обвинители, затворски работници и пробациски службеници) за јакнење на соработката и зголемување на знаењата.

- Организирање на обука за обучувачи со која ќе се едуцираат обучувачи кои би биле појдовна основа за градење на мултидисциплинарен тим на обучувачи (законски, психолошки и социјални аспекти).

### Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции

- Носење препораки од страна на Судскиот совет на РСМ со кои ќе се поттикнува и промовира изрекувањето на алтернативните казни.

- Издавање на упатства од страна на Јавниот обвинител на РСМ за да се избегнат непотребните и непродуктивните жалби, со што ќе се искористат алтернативните мерки и процедури.

- ЈО да поднесува обвинителни предлози за изрекување на алтернативна мерка.

- Организирање на тркалезни маси од страна на УИС со сите апелациони подрачја за промоција на алтернативните мерки како иднина на затворскиот систем.

- Организирање обуки за судии од сите инстанци (основни, апелациони, врховни судии) со цел да се информираат и да ги зголемат своите знаења за пробациската служба и за изрекување на алтернативни санкции.

- Судовите да изрекуваат повеќе пресуди со условна осуда со заштитен надзор за да добијат сторителите на кривични дела помош, грижа, надзор или заштита од страна на пробациската служба, наместо само условна осуда.

- Времето на траење на условниот отпуст со заштитен надвор треба да биде подолго од просечните три месеци за да може да се постигнат реални промени кај сторителите.

- Да се воедначи водењето на статистичките податоци за бројот на изречени пресуди со алтернативни мерки и бројот на пробациски предмети од страна на основите судови и пробациската служба.

## Меѓуинституционална соработка во полето на пробација

- Зголемена меѓуинституционална соработка во периодот што следува со цел размена на информации и подобрување на соработката на централно и на локално ниво.

- Да се продолжи со редовно ажурирање на протоколите за соработка со партнерите.

- Да се зголеми бројот на склучени нови меморандуми за соработка со општините и другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа.

- Вклучување на поголем број граѓански организации кои ќе нудат специјализирани програми за сторители на кривични дела (сторители на

семејно насилство, радикализција, работа со зависници на дрога и други зависности како алкохол, коцкање, клептоманија итн.).

- Специјализираните програми за сторители на кривични дела да бидат со подолг период наместо 3 месеци, за да може да се постигнат реални промени кај сторителите.

- Редовно ажурирање на листата на склучени меморандуми и нивна објава на веб-страната на УИС.

- Зголемена соработка меѓу пробациската и затворската служба, која е од суштинско значење за добро управување со транзицијата на сторителите од затворските услови назад во заедницата и општеството.

- Формирање на затворска комисија (мултисекторски тим) што ќе работи редовно со затворениците кои треба да излезат на условен отпус со заштитен надзор, за да може навремено да се направат индивидуални планови за работа за секое осудено лице.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025).

2. Кривичен законик – Пречистен текст (заклучно со „Службен весник на РМ“ бр. 55 од 2013).

3. Закон за кривична постапка („Службен весник на РМ“ бр. 150 од 18.11.2010 година).

4. Нацрт-акциски план на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025).

5. Предлог-закон за кривична постапка (работна верзија 03.11.2022 г.) <https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=76038

# Анекс 1 – Матрица за мониторинг

| **ЛЕГИСЛАТИВА**<br>**ЗАКОНСКА РАМКА ВО ПОЛЕТО НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА АЛТЕРНАТИВНИ САНКЦИИ И МЕРКИ** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 1.1.<br>Анализа на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции | | | | | |
| Резултат 1.2.<br>Измени на законската рамка за да се зголеми бројот на изречени алтернативни санкции и мерки | | | | | |
| Резултат 1.2.1.<br>Да се прошири применливоста на општокорисната работа во Кривичниот законик | | | | | |
| Резултат 1.2.2.<br>Поголема употреба на алтернативни санкции во Законот за кривична постапка | | | | | |
| Резултат 1.2.3.<br>Да се продолжи периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба | | | | | |
| Резултат 1.3.<br>Измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба | | | | | |
| Резултат 1.4.<br>Комплетни и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба | | | | | |
| Резултат 1.5.<br>Анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда | | | | | |
| **ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**<br>**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРОБАЦИСКАТА СЛУЖБА – ФУНКЦИОНАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ** | | | | | |
| Резултат 2.1.<br>Во функција се 15 пробациски канцеларии и ги покриваат пробациските работи за подрачјата на сите судови | | | | | |
| Резултат 2.2.<br>Понатамошно развивање на стандардните работни процедури во пробациската служба | | | | | |
| Резултат 3.1.<br>Зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација на централно и локално ниво | | | | | |
| Резултат 3.2.<br>Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии | | | | | |
| Резултат 3.3.<br>Развиен годишен план за обуки на пробациските службеници кој редовно се ажурира | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 3.4.<br>Редовни основни обуки ќе се спроведуваат за сите пробациски службеници | | | | | |
| Резултат 3.5.<br>Развивање и изготвување на посебни обуки и за специфични видови на клиенти | | | | | |
| Резултат 3.6.<br>Заеднички обуки за воспоставување и подобрување на соработката на релевантните институции | | | | | |
| Резултат 3.7.<br>Обука за обучувачите | | | | | |
| **ПОСТАПУВАЊЕ**<br>**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПУВАЊЕТО И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ И САНКЦИИ** | | | | | |
| Резултат 1.2.4.<br>Да се зголеми бројот на алтернативни санкции и да се намали бројот на обжалените алтернативни санкции | | | | | |
| Резултат 4.3.<br>Зголемен број на пресуди за општокорисна работа | | | | | |
| **МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО ПОЛЕТО НА ПРОБАЦИЈА** | | | | | |
| Резултат 5.2.<br>Одржување на редовни тркалезни маси на централно ниво и во сите подрачја со претставници на правосудните органи и со партнерите од мрежата на соработници | | | | | |
| Резултат 5.3.<br>Воспоставени се протоколи за соработка и листи на партнери за соработка и се ажурираат редовно | | | | | |
| Резултат 5.4.<br>Понатамошно изготвување на меморандуми за соработка со општините и со другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа | | | | | |
| Резултат 5.5.<br>Воспоставување на редовни тркалезни маси на пробациската и затворската служба во сите подрачја, во рамки на казненопоправните установи и дефинирање на стандардни работни процедури за соработка со казненопоправните институции | | | | | |

*Исполнувањето на предвидените резултати се обележани со следните бои:

- црвена боја доколку резултатот не е исполнет
- жолта боја доколку резултатот делумно е исполнет
- зелена боја доколку резултатот е исполнет (се исполнува редовно).

# МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2021-2025)

**Период на следење:**
2021 и 2022

**Јули, 2023**




Овој проект е финансиран од Европската Унија

EU за ТЕБЕ

МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор
Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци Избор Струмица

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА